# Анализа на Golden percentage кај максиларни фронтални заби за естетски дизајн на насмевка

**_Прошева Љубица_**, *Сандра Атанасова, Софија Царчева Шаља, Киро Папакоча, Јулија Заркова Атанасова, Катерина Златановска*

Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, Факултет за медицински науки- Дентална медицина

Македонско Стоматолошко Друштво

9ти Конгрес на Македонско Стоматолошко Друштво со меѓународно учество (МСД)
СТОМАТОЛОГИЈАТА ПРЕД ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ:
МОЖНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА

## Вовед

Фронталните заби претставуваат битен сегмент во естетиката на една индивидуа, но максиларните централни инцизиви се доминантен елемент, потребно е да поседуваат соодветни пропорции во однос на висината и ширината се со цел да има што е можно подобри естетски резултати.




## Цел

Цел на овој труд е преку дигитални фотографии и компјутерски анализи, да се одреди златен процент (Golden precentage) според Snow каде што поединечната ширината на фронталните заби е пресметана како процент од вкупната ширина на предните шест заба, и тоа за канините е 10%, за латералните инцизви е 15%, а за централните инцизиви е 25% од вкупното растојание измерено во фронталниот сегмент, кај пациенти со природни заби.

## Материјал и метод

Направени се фронтални фотографии кај пациенти со позирана насмевка, со помош на дигитален фотоапарат (NIKON) според стандардизирани услови, 1 метар оддалеченост на пациентите од објективот на фотоапаратот, а леќата е насочена кон усните на пациентот. За обработка на фотографиите и спроведување на мерењата е користен дигитален компјутерски програм. Во оваа студија се вклучени вкупно 15 испитаници, на возраст од 18 до 30 години, од кои 6 се мажи, а 9 пациенти се жени. Во однос на класификацијата по Angle се вклучени еднаков број на пациенти.

| МАШКА популација | ЖЕНСКА популација |
|---|---|
| 11.6% | 12.85% |
| 14.93% | 15.29% |
| 21.43% | 22.05% |
| 20.96% | 21.75% |
| 14.74% | 15.04% |
| 13.39% | 13.02% |

## Резултати

По спроведените анализи и сумираните резултати во однос на половата класификација ја добивме следната процентуална застапеност кај **_машката_** популација 12.49%, 14.83% и 21.95%, додека кај **_женската_** популација е 12.93%, 15.16% и 21.9%.

Во однос на класификацијата по Angle кај пациентите со **_I класа_** ја добивме следнава процентуална застапеност 12.12%, 15.18%, 22.57%, кај **_II класа_** 14%, 15.14% и 21.39%, додека во **_III класа_** е 13.74%, 14.72% и 21.45%.

| I класа | II класа | III класа |
|---|---|---|
| 11.91% | 14.33% | 13.96% |
| 15.32% | 14.95% | 15.16% |
| 22.69% | 21.92% | 21.93% |
| 22.45% | 20.85% | 20.99% |
| 15.05% | 15.34% | 14.33% |
| 12.33% | 13.67% | 13.53% |

## Заклучок

По добиените резултати процентуалната застапеност на латералните инцизиви е единствена која е приближна со златниот процент, додека сите други добиени резултати не се поклопуваат.